# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ДИМКО МИТРЕВ АД ВЕЛЕС ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 30.09.2023 ГОДИНА

Сметководствените политики и методи на вреднување користени при составување на финансиските извештаи за период од 01.01.до 30.09.2023 година се непроменети и се применуваат конзистентно со оние применети при составување на финансиските извештаи за истиот период од предходната година.Истите ќе се применуваат до моментот додека не се донесе друг акт кој ги уредува овие прашања.

Во периодот од 01.01.до 31.09.2023 година ДИМКО МИТРЕВ а.д. Велес оствари нето добивка од 50 илјади денари и во однос на истиот период од предходната година е помала за 52 %.Оваа добивка е како резултат на тековното работење .

Имено во пресметковниот период е остварен вкупен приход од 215.434 илјади денари и во однос на вкупниот приход во 2022 година е помала за 23 %.

По структурата на застапеност во вкупните приходи нај големо учество имаат приходите од странскиот пазар и тие учествуваат со 95 %, приходите од домашен пазар со 1 % и други приходи со 4 %.

Во остварените вкупни приходи нај голем дел се остварени приходи од продажба на сопствени производи и услуги наменети за извоз кој редовно се наплаќаат.

Во периодот од 01.01. до 30.09.2023 година вкупните расходи изнесуваат 215.384 илјади денари и во однос на вкупните расходи во 2022 година се помали за 23 %.

По структурата на застапеност во вкупните расходи нај големо учество имаат трошоците за суровини и репроматеријали и изнесуваат 116.451 илјади денари и во однос на истиот период од предходната година се помали за 21 %.

Трошоците за бруто плата на вработените изнесуваат 89.834 илјади денари и во однос на истиот период во 2022 година се помали за 6 % и истите редовно се исплаќаат.

Во пресметковниот период од 01.01. до 30.09.2023 година вкалкулирани се нето плати во вкупен износ од 59.748 илјади денари и задолжителни придонеси за нето плата во износ од 30.085 илјади денари.

Во овој период на сите акционерите на Димко Митрев а.д. Велес кој доставија уредна трансакциска сметка се исплати дивиденда .

Димко Митрев а.д.
Велес